**20151784900**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

Врз основа на член 52 став (11) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10 и 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД РАБОТАТА НА КОМОРАТА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење надзор над работата на Комората на извршители на Република Македонија (во натамошниот текст: Комората) и на извршителите.

Член 2

(1) Надзорот над работата на извршителите ги опфаќа:

- водењето на евиденцијата на извршителот;
- чувањето на службените списи и податоци;
- редоследот на заведување на предметите во Уписникот на примени барања за извршување;
- следењето на постапувањето на извршителот според редоследот на примените барања за извршување;
- уредното и навременото скенирање на предметните списи;
- уредното осигурување на извршителот;
- уредното водење на евиденцијата за трошоците и наградата на извршителот;
- реализацијата на законската обврска за именување на заменик извршител ;
- реализацијата на обврската за издавање на овластување на заменикот да располага со неговата редовна и посебна сметка;
- постапувањето на извршителот по барање на странка за изготвување на пресметка за наплата на побарувањето, каматата, цената за администрирање, цена за извршни дејствија, наградата на извршителот како и реалните трошоци и такси кои се настанати при спроведување на извршувањето;
- постапувањето на извршителот по одлуките на судовите донесени по приговор и барање за одлагање на извршителот;
- спроведувањето на заклучокот за одлагање на извршувањето по барање на доверителот;
- уредното и навременото постапување по поднесоци од странки, судови и државни органи и
- подготвувањето на извештаите за неговата работа.

(2) Надзорот над работата на Комората ги опфаќа:

- уредното и навременото водење на евиденциите на Комората;
- уредното и навременото водење на евиденциите на Дисциплинската комисија и навременото изготвување и доставување на дисциплинските одлуки;
- почитувањето на обврските на Комората определени со закон и подзаконските акти и
- уредното и навременото постапување по поднесоци од странки, судови и државни органи.

Член 3

(1) Надзор над работењето на извршителите, односно Комората се врши од страна на најмалку две овластени лица за вршење надзор од Министерството за правда (во натамошниот текст: овластените лица).

(2) Овластените лица за надзор во вршењето на своите работи се независни и непристрасни од било какво влијание кое би можело да влијае директно или индиректно на нивната работа.

(3) Овластените лица во своето работење го почитуваат принципот на доверливост на информациите и податоците.

(4) Овластените лица при спроведување на надзорот над работата на извршителите, односно Комората:

- вршат увид во деловните книги, електронската евиденција и списите од предметите во канцеларијата и земат копии или електронски исписи од истите;
- изготвуваат записник од извршен надзор, врз основа на кој се подготвува извештај од извршен надзор со утврдената фактичка состојба од надзорот;
- даваат писмени забелешки со напатствија и рокови за нивно отстранување во записникот од извршен надзор, во случај ако станува збор за очигледни недостатоци кои можат да се отстранат и кои не предизвикале суштински проблеми при извршувањето или работата во извршителската канцеларија;
- изготвуваат извештај за утврдената фактичка состојба од извршениот надзор;
- иницираат предлог до овластениот предлагач за поведување на дисциплинска постапка во зависност од констатираната состојба во извештајот, како и почитувањето на напатствијата и роковите, доколку такви биле дадени во записникот.

Член 4

Редовниот надзор над работата на извршителите, односно Комората се врши според месечен план за надзор кој содржи листа на извршители над чија работа се врши надзор во текот на месецот .

Член 5

Вонредниот надзор над работата на извршителите односно Комората се врши во рамки на делокругот од член 2 од овој правилник, врз основа на сознанија за ненавремено и неправилно работење на извршителите, односно Комората, добиени од државни органи, правни и физички лица, како и по барање на претседателот на судот.

Член 6

(1) При вршење на вонреден надзор, по приемот на писменото кое укажува на направилно работење на одреден извршител, односно на Комората, се бара одговор од извршителот, односно Комората над чија работа се врши надзорот, со цел да се утврди потребата за вршење на надзорот, при што на извршителот, односно Комората им се доставува копија од писменото.

(2) Извршителот, односно Комората најдоцна осум дена од денот на приемот на барањето од став (1) на овој член, се изјаснува писмено со аргументиран и образложен одговор и приложува докази во поткрепа на својот одговор.

(3) По добиените сознанија за кои извршителот, односно Комората писмено се изјасниле, овластените лица вршат вонреден надзор во просториите на извршителот, односно Комората доколку:

- оценат дека одговорот на извршителот, односно Комората не содржи произнесување по сите точки од барањето за одговор и

- постои сомневање во вистинитоста на наводите или сомневање во веродостојноста на приложените докази.

(4) Ако во периодот од став (2) на овој член, извршителот односно Комората не достави одговор, овластените лица вршат надзор над нивното работење во просториите на извршителот односно Комората.

Член 7

(1) При вршење на вонреден надзор може да се побара мислење од друг надлежен орган, доколку се оцени дека од истото ќе се утврди потребата за вршење на надзор.

(2) Во случај на добиени сознанија од анонимна претставка или предлог, се постапува само доколку станува збор за јавен интерес утврден во закон.

Член 8

Овластените лица за вршење на надзор по електронска пошта на официјалната електронска адреса го известуваат извршителот односно претседателот на Комората за денот, часот и видот на надзорот.

Член 9

(1) Пред отпочнување со надзор овластените лица му врачуваат на извршителот, односно на овластено лице од Комората, овластување за вршење на надзор во кое е наведен видот и обемот на надзорот кој треба да се спроведе. Овластувањето се дава од страна на Министерството за правда.

(2) При вршење на надзорот, по барање на овластените лица извршителот, односно овластеното лице од Комората, прави електронска копија или фотокопија од прегледаните списи и евиденцијата која ја води извршителот, односно Комората.

(3) По барање на овластените лица кои го вршат надзорот, извршителот, односно овластеното лице од Комората, доставува дополнителни копии од документите кои ги поседува доколку овластените лица сметаат дека се потребни за изготвување на извештајот за надзорот.

(4) По барање на овластените лица кои го вршат надзорот, извршителот, односно овластеното лице од Комората, како и нивните вработени даваат писмено или усно објаснување во врска со прашања кои се однесуваат на надзорот и приложуваат соодветни докази во поткрепа на објаснувањето.

Член 10

(1) За извршениот надзор во присуство на извршителот, односно претседателот на Комората, овластените лица составуваат записник кој содржи податоци за: денот и часот на пратено известување за надзор; видот на надзорот кој се врши; извршителот, односно Комората над кој се врши надзорот; денот и часот на вршење на надзорот; овластените лица кои го вршат надзорот; фактичката состојба од преземените службени дејствија; листата на земени копии од списи или докази, исписите од електронска евиденција врз кои е вршен надзорот; констатираните очигледни недостатоци со напатствија за нивно отстранување и со рок за постапување; забелешките дадени на извршителот, односно претседателот на Комората, потписи на овластените лица и потпис и печат на извршителот, односно потпис на претседателот на Комората и печат на Комората и забелешка во случај на одбивање потпис.

(2) Записникот се составува во два примероци и еден примерок од записникот веднаш му се врачува на извршителот.

Член 11

(1) Извршителот, односно Комората во периодот определен во записникот за надзор го известуваат Министерството за правда за преземените дејствија за отстранување на констатираните недостатоци и приложуваат доказ за постапувањето.

(2) Во случај на непостапување во периодот определен во записникот за надзор или недоставување на доказ за постапувањето, во извештајот се констатира состојбата и се изготвува предлог за поведување на дисциплинска постапка.

(3) Доколку во извештајот за надзор се констира дека има основ за поведување на дисциплинска постапка се изготвува предлог за поведување на дисциплинска постапка.

Член 12

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на вршење надзор над работата на Комората на извршители на Република Македонија и извршителите („Службен весник на Република Македонија" бр.137/10).

Член 13

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-3433/1
14 октомври 2015 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Аднан Јашари**, с.р.